EPeKa

https://www.digitalvscorrupt.eu

Co-funded by the European Union

DIGITAL vs CORRUPT

# МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОБУКА КОРУПЦИЈА ВО БИЗНИСОТ

## СЕТ НА МОДУЛИ ЗА ОБУКА РЕИРАНИ ЗА МЛАДИНСКИ РАБОТНИЦИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРОФЕСИОНАЛЦИ

Овој сет на модули е креиран да го подобри разбирањето на корупцијата во деловниот сектор, да промовира етички вредности и да поттикне учеството на младите во градењето транспарентни и отчетни заедници.

**Развиено во рамки на проектот „Со дигитализација против корупцијата“ (Еразмус+)**

Декември 2025

**ERASMUS-YOUTH-2023-CB**
Име на проектот: „Со дигитализација против корупцијата" во рамки на програмата Erasmus Youth 2023 - Градење капацитети во областа на младите - Западен Балкан.

**Број на проект: 101131572**
Проектот „Со дигитализација против корупцијата" е кофинансиран од Европската унија.

**Координатор:**
NVO Naučno – istraživačko udruženje za umjetnost, kulturno-obrazovne programe i tehnologiju EPEKA (EPEKA ME) – Црна Гора

**Организации учеснички:**
- Znanstveno-raziskovalno zdruzenje za umetnost, kulturne in izobrazevalne programe in tehnologijo EPEKA, socialno podjetje (EPEKA SI) – Словенија
- Phiren amenca international network (Phiren amenca) – Белгија
- Приватна научна установа Институт за применети истражувања за бизнис Скопје (IARB)- Република Северна Македонија
- Gagnsaei samtok gegn spillingu (TI-IS) – Исланд
- Qendra open doors (OPEN DOORS) – Албанија
- EPEKA Berlin EV (EPEKA BERLIN EV) – Германија
- Europe for you, z.s. (EUROPE FOR YOU) – Чешка
- Center for education and training Prizren (CET-PRIZREN) – Косово
- Scientific and research association for art, cultural an educational programmes and tehnology EPEKA (ЕПЕКА Србија) – Србија
- Fundacija europejski instytut outsourcingu (EOIF) – Полска
- Udruženje Akustikum - muzička omladina JMBH (AKUSTIKUM) – Босна и Херцеговина
- Lxkia izcilik ve doga sporlari kulubu dernegi (LIDOSK) – Турција
- Arcigay (ACIGAY APS) – Италија
- Transparency International Islandija (TI-IS) – Исланд
- Skupnost Občin Slovenije - Словенија
- Institut Jožef Stefan - Словенија

**Автори:**
- Приватна научна установа Институт за применети истражувања за бизнис Скопје (IARB)- Република Северна Македонија
- Scientific and research association for art, cultural an educational programmes and tehnology EPEKA (EPEKA Serbia) – Србија
- NVO Naučno-istraživačko udruženje za umjetnost, kulturno-obrazovne programe i tehnologiju EPEKA (EPEKA ME) – Црна Гора
- Znanstveno-raziskovalno zdruzenje za umetnost, kulturne in izobrazevalne programe in tehnologijo EPEKA, socialno podjetje (EPEKA SI) – Словенија
- Transparency International Islandija (TI-IS) – Исланд

**ОГРАДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ**
Информациите и ставовите наведени во овој Прирачник се ставови на Институтот за применети истражувања за бизнис и не мора нужно да го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на која било друга финансирачка институција. Ниту институциите на Европската Унија, ниту кое било лице што постапува во нивно име, не можат да бидат одговорни за употребата што може да се направи на информациите содржани во овој документ.

# Содржина


04 ВОВЕД

08 МОДУЛ 1 : РАЗБИРАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО БИЗНИСОТ

10 МОДУЛ 2: ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД КОРУПЦИЈАТА ВО БИЗНИСОТ

14 МОДУЛ 3: ИНТЕГРИТЕТ И ЕТИКА ВО БИЗНИСОТ

17 МОДУЛ 4: МЛАДИ И ГРАЃАНСКО АНГАЖИРАЊЕ ВО АНТИКОРУПЦИСКИТЕ НАПОРИ

20 МОДУЛ 5: КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ (КОО) И АНТИКОРУПЦИЈА

23 ЗАКЛУЧОК

24 АНЕКС 1: ГРУПНА АКТИВНОСТ: „КОРУПЦИЈАТА Е...“”

25 АНЕКС 2 : ГРУПНА АКТИВНОСТ: „ПОДГОТОВКА НА СЕТ НА АЛАТКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ИЛИ ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА“

26 АНЕКС 3: ГРУПНА АКТИВНОСТ: „ЕТИЧКА ДИЛЕМА - ИГРАЊЕ УЛОГИ“

# ВОВЕД

## За проектот

DigitalVScorrupt е проект Erasmus+ CBY и WB со главна цел да се бори против корупцијата во ЕУ и Западен Балкан преку дигитални алатки и зајакнување на младите луѓе и граѓаните во ЕУ и Западен Балкан.

Корупцијата е сложен социјален, политички и економски феномен што ги засега сите земји. Корупцијата ги поткопува демократските институции, го забавува економскиот развој и придонесува за нестабилност на власта.

Корупцијата ги напаѓа темелите на демократските институции преку искривување на изборните процеси, нарушување на владеењето на правото и создавање бирократски лавиринт кој постои единствено со цел изнудување на мито. Светската банка со децении се бори против корупцијата, а граѓанското општество и младинските организации треба да се справат со еден од најтешките непријатели на нашето време, да ги бранат основните вредности на ЕУ - демократијата, владеењето на правото и заедничките вредности, да промовираат активно граѓанство и да го приближат Западен Балкан до ЕУ.

Активности: состаноци, обуки, национални активности, младински размени, конференции и кампањи.

Обуката за младински работници е иновативна и релативно нова тема во областа на младинската работа, но е клучна за градење транспарентност, интегритет и отчетност. Целта на ваквите обуки е учесниците или младинските работници да се стекнат со знаења и алатки за идентификување, спречување и реагирање на коруптивни дејства.

### Предавањата вклучуваат:

1. **Разбирање на корупцијата**

- Дефиниција на корупција: објаснува што е корупција, кои се нејзините форми и како се манифестира во јавниот сектор.
- Практични примери: анализа на реални случаи на корупција за подобро разбирање на концептите.

2. **Законодавна рамка**

- Национално законодавство: преглед на законите и прописите поврзани со корупцијата и јавниот сектор.
- Меѓународни стандарди: вклучување на релевантни меѓународни конвенции и договори, како што е Конвенцијата на ОН против корупцијата.

3. **Идентификација и превенција на корупцијата**
- Фактори на ризик: запознавање со факторите на ризик кои можат да доведат до корупција.
- Превентивни стратегии: техники и процедури за минимизирање на ризиците од корупција.

4. **Алатки и техники за борба против корупцијата**
- Контролни механизми: воспоставување ефективни системи за контрола и транспарентност.
- Етика и интегритет: акцент на етичкото донесување одлуки и личниот интегритет на вработените.

5. **Протоколи за пријавување и реагирање**
- Механизми за пријавување: воспоставување безбедни и анонимни канали за пријавување сомнежи за корупција.
- Стратегии за реагирање: протоколи и процедури за постапување со пријавени случаи на корупција.

6. **Интерактивни методи на обука**
- Работилници и студии на случај: активно учење преку групни вежби и дискусии.
- Симулации и играње улоги: сценарија во кои учесниците го применуваат во практика она што го научиле.

7. **Евалуација и понатамошна обука**
- Тестирање и повратни информации: проверка на знаењата и вештините на учесниците и собирање нивни повратни информации за подобрување на програмата.
- Континуирана обука: обезбедување постојани образовни можности за ажурирање на знаењата и вештините.

Обуката за корупција треба постојано да се ажурира за да остане релевантна и ефективна во променлива правна и социјална средина. Добро планираната и спроведена обука може значително да придонесе за намалување на корупттивните дејства и за подобрување на довербата во јавниот сектор.

## Цели:

- Спроведување активности за неформално учење за зајакнување на знаењата на младинските работници и другите актери во областа на антикорупцијата во Западен Балкан и ЕУ преку меѓусекторска соработка.
- Подобрување на капацитетот на организациите од Западен Балкан и со тоа зголемување на ИКТ-вештините во однос на тоа како дигиталните алатки можат да детектираат корупција.
- Спроведување на Младинската стратегија на ЕУ во контекстот на градење капацитети и подигнување на свеста за вредностите на ЕУ и нивната релевантност, важноста на владеењето на правото и заедничките вредности во градењето капацитети.
- Промовирање дијалог на локално, национално и меѓународно ниво со политичките носители на одлуки за штетата што корупцијата може да ја предизвика врз безбедноста и стабилноста на Европската унија и Западен Балкан во однос на надворешни влијанија.

# ВОВЕД

## Информација за материјалите за обука

Овој сет на материјали за обука е развиен во рамки на проектот Erasmus+ „Со дигитализација против корупцијата“ во рамките на програмата Erasmus Youth 2023 - Градење капацитети во областа на младите – Западен Балкан.
Општата цел на проектот е да се зајакнат интегритетот, транспарентноста и отчетноста во деловното опкружување со зајакнување на младинските работници, претставниците на граѓанските организации и младите професионалци преку неформално образование.
Материјали за обука се дизајнирани за градење знаење и практични компетенции за разбирање и справување со корупцијата во бизнисот.
Тие комбинираат теоретска содржина со интерактивни методи на учење и примери од реалниот живот, обезбедувајќи учесниците не само да учат за корупцијата, туку и да стекнат алатки и самодоверба за дејствување против неа.
Покрај обуките, проектот предвидува серија локални работилници низ земјите од Западен Балкан, каде што овие материјали ќе бидат приспособени и применети во локалните контексти.

**Како да се користат материјалите**

Овој збир материјали е наменет за обучувачи, младински работници, едукатори и фасилитатори од граѓански организации кои организираат активности насочени кон антикорупција, интегритет и одговорни деловни практики. Може да се користи како целосна програма за обука или како поединечни модули, во зависност од потребите и претходното знаење на учесниците.

Секој модул вклучува:

- Краток теоретски преглед што дава вовед во темата
- Интерактивни вежби и групни дискусии
- Прашања за рефлексија и насоки за завршна дискусија
- Забелешки за фасилитаторот со совети за приспособување и последователни активности

Сесиите се креирани да бидат практични, приспособливи и инклузивни, поттикнувајќи ги

учесниците да споделуваат искуства, да развиваат креативни решенија и да истражуваат како дигиталните алатки можат да придонесат за транспарентност во бизнисот.

Фасилитаторите се охрабруваат да ги приспособат времетраењето, јазикот и методите на групата учесници, обезбедувајќи сесиите да останат релевантни и привлечни во различни локални и регионални средини.

# МОДУЛ 1: РАЗБИРАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО БИЗНИСОТ

## Преглед на модулот

**Целна група:** младински работници, претставници на граѓански организации, млади професионалци
**Времетраење:** 90–120 минути
**Методологија:** неформално образование (искуствено, партиципативно, рефлексивно)

## Цели на учење

До крајот на овој модул, учесниците ќе можат да:

- Го разберат концептот и природата на корупцијата во бизнис секторот.
- Идентификуваат вообичаени форми на корупција и нивните ефекти врз општеството и економијата.
- Ја препознаат улогата на етиката, интегритетот и транспарентноста во бизнисот.
- Размислуваат за личните и колективните активности за промовирање отчетност.

## Вовед

Корупцијата во деловното опкружување претставува една од главните пречки за одржлив развој и фер конкуренција. Во многу земји од Западен Балкан, корупцијата не се перципира само како незаконско дејствие, туку и како дел од општествените и културните норми што се развивале со текот на времето. За младинските работници и актерите од граѓанското општество, разбирањето на корупцијата во бизнисот не значи само идентификување незаконски дејства, туку и истражување на вредностите, ставовите и однесувањата што овозможуваат таквите практики да постојат. Преку овој модул, учесниците ќе ги разгледаат корените и формите на корупција, нејзините последици за локалните заедници и економии, како и улогата на неформалното образование во промовирањето интегритет и транспарентност.

## Разбирање на корупцијата во бизнисот

Според Transparency International, корупцијата се дефинира како злоупотреба на

доверената моќ за приватна корист. Иако оваа дефиниција се однесува и на јавниот и на приватниот сектор, во деловниот контекст таа често добива специфични форми што директно влијаат врз пазарната конкуренција, довербата на клиентите и социјалното опкружување. Во деловните средини, корупцијата може да се манифестира преку скриени договори, злоупотреба на влијание или манипулативни односи меѓу приватни компании и јавни службеници.

| Форма на корупција | Опис | Пример |
|---|---|---|
| Поткуп | Нудење, давање, примање или барање нешто од вредност за влијание врз деловна одлука. | Добавувач му плаќа на вработен за да обезбеди договор. |
| Непотизам | Фаворизирање роднини или пријатели, особено при вработување или деловни партнерства. | Вработување член на семејството без оглед на квалификациите. |
| Судир на интереси | Ситуација во која личните интереси влијаат врз професионалното расудување или постапување. | Вработен доделува договор на сопствената компанија. |
| Измама | Намерна заблуда со цел стекнување неправична или незаконска корист. | Манипулирање со финансиски евиденции за доведување инвеститори во заблуда. |
| Таен договор | Тајна соработка меѓу конкуренти или лица однатре за манипулирање со исходите. | Компании договараат цени пред јавен тендер. |

## Клучни точки за дискусија

Корупцијата во бизнисот влијае на секое ниво на општеството. Таа води кон повисоки цени, понизок квалитет на услугите и создава нееднаквост меѓу учесниците на пазарот. Младинските работници и актерите од граѓанското општество имаат важна улога во подигнувањето на свеста, застапувањето за етичко деловно однесување и поддршката на иницијативи за транспарентност. Додека законите дефинираат што е незаконско, етиката дефинира што е правилно. Поттикнувањето на младите да ја разберат оваа разлика помага да се изгради нова култура на одговорност и правичност.

## Практична активност: „Мапирање на корупцијата во нашите заедници“

**Цел:** Да се идентификуваат вообичаени форми на корупција со кои учесниците се среќаваат или ги забележуваат во своите локални средини и да се дискутираат можни превентивни активности.

**Метод:** групна работа и пленарна дискусија.

**Чекори**:

1. Поделете ги учесниците во мали групи (4–6 лица).
2. Секоја група дискутира каде се појавува корупцијата во локалниот деловен живот (на пример, вработување, набавки, испорака на услуги).
3. Групите креираат едноставна мапа или графикон што ги прикажува врските меѓу причините, актерите и ефектите од корупцијата.
4. Презентации и заедничка дискусија за моделите и решенијата.

**Материјали:** флипчарт-хартии, маркери, лепливи ливчиња.

**Време:** 45–60 минути.

## Рефлексија и дискусија

1. Кои се најчестите форми на корупција во вашата заедница?
2. Зошто луѓето понекогаш толерираат или игнорираат коруптивни практики?
3. Како корупцијата влијае врз пристапот до можности ?
4. Каква улога можат да имаат младинските организации и граѓанските организации во справувањето со овие предизвици?
5. Како можеме да градиме култура на интегритет во секојдневниот деловен живот?

## Белешки за фасилитаторот и совети за приспособување

Фасилитаторите треба да ги охрабрат учесниците да споделуваат реални искуства и примери од сопствените средини, одржувајќи ја дискусијата почитувачка и конструктивна. Се препорачува темата да се поврзе со актуелни вести или јавни дебати за да стане поблиска. Кога се работи со мешани групи (младински работници, студенти, граѓански организации), примерите треба да се приспособат на нивната позадина и искуство. Визуелни материјали како дијаграми, кратки видеа или инфографици можат да се користат за поддршка на разбирањето. Обучувачите можат да ја завршат сесијата со сумирање на главните сознанија и поврзување на истите со следните модули за етика, правни рамки или укажувачи..

## Референци и понатамошно читање


- Transparency International (2024). Индекс на перцепција на корупцијата.
- UNODC. Антикорупциски сет на алатки.
- Регионална антикорупциска иницијатива (RAI) – извештаи за Западен Балкан.

# МОДУЛ 2: ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД КОРУПЦИЈАТА ВО БИЗНИСОТ

## Преглед на модулот

**Целна група:** младински работници, претставници на граѓански организации, млади професионалци
**Времетраење**: 90–120 минути
**Методологија:** неформално образование (искуствено, партиципативно, рефлексивно)

## Цели на учење

До крајот на овој модул, учесниците ќе можат да:

- Идентификуваат клучни причини и двигатели на корупцијата во деловното опкружување.
- Разберат како социјалните, економските и институционалните фактори заемно дејствуваат за одржување на корупцијата.
- Ги анализираат краткорочните и долгорочните последици од корупцијата.
- Размислат за стратегии на ниво на заедница и на индивидуално ниво за спречување корупција.

## Вовед

Корупцијата не настанува спонтано. Таа произлегува од комбинација на лични мотиви, институционални слабости и културна или општествена толеранција кон неетичко однесување. Во Западен Балкан, транзицијата од плански кон пазарни економии создаде можности за раст, но и за злоупотреба на моќ и ресурси. Разбирањето на причините и последиците од корупцијата им овозможува на младите луѓе и младинските работници критички да размислуваат како да ги променат постојните модели и да промовираат отчетност и во јавниот и во приватниот живот.

## Разбирање на причините за корупција

Корупцијата во бизнисот може да произлезе од комбинација на структурни, организациски и лични фактори. Овие причини често меѓусебно се засилуваат, што ја прави корупцијата тешка за елиминирање само преку правни мерки. Подолу е даден преглед на клучните

причини што најчесто се забележуваат во деловните контексти.

| Категорија | Опис | Примери |
|---|---|---|
| **Економски фактори** | Ниски плати, недостиг на сигурност на работното место и висока невработеност ги наведуваат поединците кон коруптивни практики. | Поткуп за обезбедување или задржување работа; манипулација со договори за финансиски опстанок. |
| **Институционални слабости** | Неефективно владеење на правото, слаби механизми за надзор и ограничени санкции за несоодветно постапување. | Компании што работат без соодветна ревизија или правен надзор. |
| **Културни и општествени норми** | Распространета перцепција дека „сите го прават тоа“ или дека корупцијата е неопходна за успех. | Давањето подароци и неформалните плаќања се прифаќаат како нормална деловна практика. |
| **Недостаток на транспарентност** | Слаб пристап до информации и затворени процеси на донесување одлуки. | Нејасни процедури за набавки или скриени критериуми за избор. |
| **Лична етика и вредности** | Ниска свест за интегритет и професионална одговорност кај деловните актери. | Избирање профит или влијание наместо правичност и отчетност. |

## Последици од корупцијата

Последиците од корупцијата во бизнисот се повеќедимензионални и не ги засегаат само компаниите, туку и заедниците, економиите и демократските институции. Тие можат да бидат краткорочни – како непосредна финансиска загуба или долгорочни, што води кон структурна нееднаквост и ерозија на јавната доверба.

| Вид на последица | Опис на влијанието | Пример |
|---|---|---|
| **Економска** | Искривување на фер конкуренцијата и неефикасност на пазарите. | Бизнисите што одбиваат да дадат поткуп губат договори од помалку квалификувани конкуренти. |
| **Социјална** | Ерозија на довербата меѓу граѓаните и нормализација на неетичкото однесување. | Заедниците го прифаќаат фаворизирањето како дел од секојдневниот живот. |
| **Политичка** | Слаби демократски институции и заробување на процесите на одлучување од елити. | Приватни лоби-групи што влијаат врз локалните регулативи. |
| **Институционална** | Намален капацитет на надзорните тела и неефективни правосудни системи. | Ревизорски канцеларии што не можат да обезбедат отчетност во деловните зделки. |
| **Индивидуална** | Губење мотивација и етички стандарди кај младите и професионалците. | Младите веруваат дека успехот зависи од врски, а не од заслуги. |

## Практична активност: „Дрво на причини“

**Цел:** Да се истражат причините и ефектите од корупцијата преку визуелно мапирање и заедничка анализа.

**Метод:** групно генерирање идеи и креирање дијаграм.

**Чекори:**

1. Поделете ги учесниците во мали групи (4–6 лица).
2. Секоја група црта дрво на флипчарт-хартија: корените ги претставуваат причините, стеблото го претставува главниот проблем, а гранките ги претставуваат последиците.
3. Дискутирајте и заеднички означете го секој елемент.
4. Презентирајте и споредете ги наодите меѓу групите.

**Материјали:** флипчарт-хартии, маркери, лепливи ливчиња.

**Време:** 60 минути.

### Рефлексија и дискусија

1. Кои причини за корупција се најрелевантни во вашата заедница или професионална средина?
2. Кои се највидливите и скриените последици од корупцијата?
3. Како личните вредности влијаат врз одлуките што можат да доведат до корупција?
4. Каква би можела да биде улогата на младите луѓе и граѓанските организации во справувањето со коренските причини?
5. Како можеме да промовираме етички деловни практики на локално ниво?

### Белешки за фасилитаторот и совети за приспособување

Фасилитаторите се охрабруваат да ги приспособат примерите на локалните контексти и да користат реални случаи или медиумски написи за започнување дискусија. Ако групата вклучува учесници од различни сектори, охрабрете споделување секторски искуства (на пример, образование, мал бизнис, НВО). Активноста најдобро функционира кога учесниците се поттикнуваат критички да размислуваат и визуелно да ги поврзуваат сложените социјални појави. Ако времето дозволува, завршете со идентификување можни активности што младинските организации или локалните институции би можеле да ги преземат за справување со конкретните причини.

### Референци и понатамошно читање


- Transparency International (2024). Глобален извештај за корупција.
- UNDP (2023). Краток референтен водич за превенција на корупцијата
- OECD (2022). Насоки за деловен интегритет.

# МОДУЛ 3: ИНТЕГРИТЕТ И ЕТИКА ВО БИЗНИСОТ

## Преглед на модулот

**Целна група:** младински работници, претставници на граѓански организации, млади професионалци
**Времетраење:** 90–120 минути
**Методологија:** неформално образование (искуствено, партиципативно, рефлексивно)

## Цели на учење

До крајот на овој модул, учесниците ќе можат да:

- Ги дефинираат концептите на интегритет и етика во деловниот контекст.
- Ја препознаат важноста на етичкото донесување одлуки во секојдневни професионални ситуации.
- Ги анализираат вообичаените етички дилеми со кои се соочуваат учесниците во бизнисот.
- Развијат стратегии за промовирање интегритет и етичко однесување во организациите и заедниците.

## Вовед

Интегритетот и етиката се темел на одговорните деловни практики. Тие определуваат како поединците и организациите постапуваат кога се соочуваат со избори што ги предизвикуваат нивните вредности или одговорности. Во Западен Балкан, промовирањето етичка деловна култура останува постојан предизвик поради историското наследство, слабата институционална отчетност и културна толеранција кон неформални практики. За младинските работници и претставниците на граѓанските организации, поттикнувањето дискусии за етика и интегритет им помага на младите да градат свест, самодоверба и храброст да дејствуваат транспарентно во професионалниот и граѓанскиот живот.

## Разбирање на интегритетот и етиката

IИнтегритетот се однесува на усогласеност меѓу нечии вредности, зборови и постапки.

Етиката се однесува на моралните принципи што го водат однесувањето во едно општество или организација. Во деловното опкружување, овие два концепта се надополнуваат, бидејќи интегритетот ја претставува личната димензија на етиката, додека етиката обезбедува колективна рамка на прифатливо однесување. Подолу е даден едноставен преглед на тоа како интегритетот и етиката заемно дејствуваат во деловниот живот.

| Концепт | Дефиниција | Пример во деловен контекст |
|---|---|---|
| **Интегритет** | Усогласеност меѓу личните вредности и постапките; правење на вистинската работа дури и кога никој не гледа. | Вработен одбива да манипулира со податоци и покрај притисок од претпоставен. |
| **Етика** | Заеднички морални стандарди и принципи што дефинираат што е правилно и правично во организација или заедница. | Компанија усвојува транспарентна политика за набавки што обезбедува еднаков третман на добавувачите. |
| **Етичко лидерство** | Водење со пример, покажување чесност и правичност при донесување одлуки. | Менаџер пријавува судир на интереси наместо да го прикрива. |

## Етички дилеми во бизнисот

Етичките дилеми се јавуваат кога лице или организација се соочува со две или повеќе спротивставени опции, од кои секоја има потенцијални придобивки и етички ризици. Во такви ситуации, интегритетот станува водечки принцип за донесување одлуки. Табелата подолу ги сумира вообичаените етички дилеми забележани во деловниот сектор.

| Ситуација | Етичка дилема | Можно решение |
|---|---|---|
| **Подарок или поткуп?** | Клиент нуди скап подарок по успешно склучен договор. | Воспоставете јасна организациска политика за прифаќање подароци. |
| **Лојалност наспроти чесност** | Вработен открива дека колега е вклучен во несоодветно постапување. | Поттикнете доверливи канали за пријавување и политики за укажувачи. |
| **Профит наспроти правичност** | Компанија може да заштеди пари со избегнување еколошки прописи. | Дајте приоритет на долгорочна одржливост и корпоративна одговорност. |
| **Транспарентност наспроти имиџ** | Откривањето грешка на компанијата може да ѝ наштети на нејзината репутација. | Усвојте комуникациска политика заснована на чесност и отчетност. |

## Практична активност: Етика на дело - играње улоги

**Цел:** Да се разберат етичките дилеми преку симулации од реалниот живот и да се охрабрат учесниците да размислуваат за процесите на донесување одлуки.

**Метод:** Да се разберат етичките дилеми преку симулации од реалниот живот и да се охрабрат учесниците да размислуваат за процесите на донесување одлуки.

**Чекори:**

1. Поделете ги учесниците во групи од 4–5 лица.
2. Секоја група добива кратко сценарио што опишува етичка дилема поврзана со бизнисот.
3. Групите подготвуваат кратка игра на улоги (10–15 минути) што покажува како би реагирале.
4. По секоја изведба, другите учесници дискутираат кои вредности биле покажани и кои алтернативи постоеле.

**Материјали:** печатени сценарија, хартија, маркери..

**Време:** 60 минути.

## Рефлексија и дискусија

- Кои вредности ги водат вашите професионални или лични одлуки?
- Како младите луѓе можат да влијаат врз етичкото однесување во бизнисот и јавниот живот?
- Каква е врската меѓу етиката, законот и интегритетот?
- Како организациите можат да поттикнат етичко донесување одлуки?
- Кои се ризиците и придобивките од постапување со интегритет во тешки ситуации?

## Белешки за фасилитаторот и совети за приспособување

Фасилитаторите треба да нагласат дека етичкото однесување не значи само следење правила, туку и внатрешна мотивација и лична отчетност. Охрабрете ги учесниците да дискутираат за дилеми со кои можеби лично се соочиле во образованието, волонтерската работа или вработувањето. Ако е соодветно, поврзете ја дискусијата со локалните културни норми и начинот на кој тие влијаат врз перцепциите за правилно и погрешно. Активностите со играње улоги треба да бидат проследени со завршна анализа за да се идентификуваат научените лекции и да се поврзат со важноста на интегритетот во градењето правични и транспарентни општества.

## Референци и понатамошно читање


- Transparency International (2024). Деловен интегритет: сет на алатки за средни претпријатија
- UNODC (2024). Водич за добри практики за унапредување на деловниот интегритет преку образование

# МОДУЛ 4: МЛАДИ И ГРАЃАНСКО АНГАЖИРАЊЕ ВО АНТИКОРУПЦИСКИТЕ НАПОРИ

## Преглед на модулот

**Целна група:** младински работници, претставници на граѓански организации, млади активисти и лидери во заедницата
**Времетраење:** 90–120 минути
**Методологија:** неформално образование (искуствено, партиципативно, ориентирано кон акција)

## Цели на учење

До крајот на овој модул, учесниците ќе можат да:

- Ја разберат важноста на граѓанското ангажирање во промовирањето транспарентност и отчетност.
- Идентификуваат начини на кои младите можат активно да придонесат за антикорупциски напори на локално и национално ниво.
- Истражат методи на соработка меѓу граѓанското општество, бизнисот и јавните институции.
- Дизајнираат мали иницијативи што поттикнуваат етичко учество и општествена одговорност.

## Вовед

Младинското ангажирање е клучна компонента на одржливата антикорупциска работа. Иако законите и институциите имаат суштинска улога во превенцијата и контролата, трајната промена зависи од активното учество на граѓаните, особено на младите луѓе. Младите внесуваат креативност, енергија и кредибилитет во борбата против корупцијата. Преку граѓански иницијативи, кампањи и проекти во заедницата, тие можат да ја подигнат свеста, да бараат отчетност и да моделираат транспарентно однесување.

## Разбирање на младите и граѓанското ангажирање

Граѓанското ангажирање се однесува на индивидуални и колективни активности дизајнирани за идентификување и решавање прашања од јавен интерес. Во

антикорупциските напори, тоа вклучува активности како следење на јавните расходи, учество во процесите на донесување одлуки, промовирање етички стандарди и поддршка на иницијативи за транспарентност. Младинските работници и граѓанските организации имаат важна улога во помагањето на младите да ги разберат своите права и одговорности и во обезбедувањето алатки за активно учество.

| Форма на ангажирање | Опис | Пример |
|---|---|---|
| Подигнување на свеста | Организирање работилници, дебати или кампањи за информирање на врсниците за корупција и интегритет. | Младинска кампања на социјални медиуми што промовира транспарентно управување. |
| Мониторинг и застапување | Следење јавни расходи или одлуки на локалната власт за обезбедување отчетност. | Младински групи ги следат општинските буџети и објавуваат поедноставени извештаи. |
| Акција во заедницата | Мобилизирање врсници за учество во локални акции за чистење, недели на етика или иницијативи за интегритет. | Локални младински клубови организираат „Недела на интегритет“ за промовирање етичко однесување. |
| Соработка со институции | Партнерство со училишта, општини или приватни компании на антикорупциски проекти. | Младински совети заеднички дизајнираат повелби за интегритет со локалните власти. |

## Клучни точки за дискусија

Младинското и граѓанското ангажирање го надминуваат волонтирањето; тие претставуваат активен придонес кон јавниот живот. Со вклучување на младите во дијалог, активности во заедницата и мониторинг, општествата можат да промовираат вредности на транспарентност, солидарност и одговорност. Сепак, за ангажирањето да биде ефективно, мора да биде поддржано со пристап до информации, соработка со носителите на одлуки и доверба меѓу институциите и граѓаните.

## Практична активност: „Дизајнирајте ја вашата иницијатива за интегритет“

**Цел:** Да се дизајнира мала активност водена од млади што промовира интегритет и отчетност во локалната заедница.

**Метод:** групно генерирање идеи и планирање проект.

**Чекори:**

1. Поделете ги учесниците во групи од 4–6 лица.
2. Секоја група идентификува едно локално прашање поврзано со корупција или недостиг на транспарентност.
3. Групите дизајнираат мал проект (на пример, кампања, работилница, активност во заедницата) што го адресира ова прашање.
4. Секоја група ја презентира својата проектна идеја, објаснувајќи ја нејзината цел, целната публика и очекуваните резултати.
5. Обучувачот ја води повратната информација и дискусијата за изводливоста и потенцијалните партнерства.
6. .

**Материјали:** флипчарт-хартии, маркери, лепливи ливчиња, шаблони за дизајн на проект.

**Време:** 60–75 минути.

## Клучни точки за дискусија

1. Како да се слушне гласот на младите луѓе во антикорупциските напори?
2. Со кои предизвици се соочуваат младите кога се обидуваат да влијаат врз носителите на одлуки?
3. Кои алатки или партнерства се најефективни за младинско ангажирање?
4. Како граѓанските организации и институциите можат да поддржат долгорочно младинско вклучување?
5. Кои конкретни чекори можеме да ги преземеме по оваа обука за да го зајакнеме учеството?

## Белешки за фасилитаторот и совети за приспособување

Охрабрете ги учесниците реално да размислуваат за локалниот контексти и достапните ресурси. Активноста не треба да има за цел совршени проектни предлози, туку да инспирира креативност, тимска работа и чувство на сопственост. Фасилитаторите можат да подготват кратки примери на младински антикорупциски иницијативи од регионот за да ги инспирираат учесниците. Ако е можно, поканете локални активисти или граѓански лидери да споделат практични искуства. На крајот од сесијата, сумирајте ги научените лекции и поврзете ги со пошироки дискусии за демократско учество и отчетност.

## Референци и понатамошно читање


- Transparency International (2024). Влијанијата на корупцијата врз младите луѓе и нивната улога во спречувањето корупција
- UNDP (2025). Граѓанско ангажирање во акција.

# МОДУЛ 5: КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ (КОО) И АНТИКОРУПЦИЈА

## Преглед на модулот

**Целна група:** младински работници, претставници на граѓански организации, млади професионалци и актери од деловниот сектор
**Времетраење:** 90–120 минути
**Методологија:** неформално образование (интерактивно учење, групна работа, рефлексивен дијалог)

## Цели на учење

До крајот на овој модул, учесниците ќе можат да:

- Го разберат концептот и принципите на корпоративната општествена одговорност.
- Истражат како корпоративната општествена одговорност. придонесува за антикорупција и етичко деловно однесување.
- Анализираат како дигиталните алатки ја поддржуваат транспарентноста и отчетноста во корпоративната општествена одговорност..
- Дизајнираат идеи за иницијативи засновани на корпоративната општествена одговорност што промовираат интегритет во деловните и заедничките средини.

## Вовед

Корпоративната општествена одговорност претставува деловен модел во кој компаниите ги интегрираат социјалните и еколошките прашања во своето работење и во интеракциите со засегнатите страни. Во контекст на антикорупцијата, моделот служи и како заложба и како стратегија за обезбедување етичко однесување, транспарентност и отчетност. Во Западен Балкан, корпоративната општествена одговорност сè повеќе се препознава како двигател на доверба, конкурентност и одржлив развој. Дигиталната трансформација, исто така, ги преобликува практиките на корпоративната општествена одговорност, олеснувајќи го следењето, комуникацијата и мерењето на одговорното корпоративно однесување.

## Корпоративната општествена одговорност и антикорупција

Антикорупцијата е еден од клучните столбови на корпоративната општествена одговорност. Одговорните бизниси препознаваат дека корупцијата ја нарушува фер конкуренцијата, ја поткопува довербата и го подрива одржливиот раст. Силна рамка за корпоративната општествена одговорност промовира етичка култура преку внатрешни кодекси на однесување, механизми за усогласеност и транспарентна комуникација со засегнатите страни. Подолу е даден преглед на тоа како корпоративната општествена одговорност придонесува за антикорупциски напори и како дигиталните алатки го унапредуваат овој процес.

| Област на Корпоративна општествена одговорност | Антикорупциски пристап | Пример за дигитална интеграција |
|---|---|---|
| Корпоративно управување | Усвојување внатрешни антикорупциски политики, системи за усогласеност и програми за обука. | Онлајн модули за обука за усогласеност и платформи за е-учење за вработени. |
| Транспарентност и известување | Објавување транспарентни извештаи за корпоративни активности и финансиски податоци. | Дигитални контролни табли и системи за известување засновани на блокчејн. |
| Ангажирање на засегнатите страни | Градење партнерства со граѓански организации, младински групи и локални заедници за промовирање интегритет. | Користење онлајн платформи за консултации и алатки за ангажирање на социјални медиуми. |
| Управување со синџирот на снабдување | Обезбедување етичко снабдување и фер процеси на набавка. | Користење дигитални платформи за набавки за следење на усогласеноста на добавувачите. |
| Инвестиции во заедницата | Поддршка на иницијативи што градат јавна свест и образование за етика. | Финансирање иницијативи за дигитална писменост и отворени податоци во локалните заедници. |

## Улогата на младите и граѓанските организации во промовирањето Корпоративната општествена одговорност

Младинските работници и граѓанските организации можат да имаат важна улога во обликувањето на начинот на кој се спроведуваат принципите на корпоративната општествена одговорност и антикорупцијата. Со градење партнерства со приватниот сектор, тие можат да застапуваат повисоки етички стандарди и дигитална транспарентност. Тие, исто така, можат да им помогнат на компаниите заеднички да создаваат проекти со социјално влијание што комбинираат иновации, интегритет и младинско учество.

## Практична активност: симулација „ Корпоративна општествена одговорност за интегритет“

**Цел:** Да се дизајнира иницијатива за корпоративна општествена одговорност што адресира локален предизвик поврзан со интегритет или транспарентност.

**Метод:** групен дизајн на проект и презентација.

**Чекори:**

1. Поделете ги учесниците во групи од 4–6 лица.
2. Секоја група избира прашање поврзано со корупција (на пример, недостиг на транспарентност во локалниот бизнис, нелојална конкуренција).
3. Групите дизајнираат решение засновано на корпоративна општествена одговорност, иницијатива на компанија, партнерство или кампања што промовира интегритет.
4. Охрабрете вклучување дигитални елементи (социјални медиуми, дигитални алатки за пријавување или платформи за е-учење).
5. Секоја група ја презентира својата иницијатива за корпоративна општествена одговорност, по што следат дискусија и повратни информации.

**Материјали:** флипчарт-хартии, маркери, КОО шаблони.

**Време**: 60–75 минути.

## Рефлексија и дискусија

1. Која е улогата на корпоративната општествена одговорност во спречувањето корупција во бизнисот?
2. Како дигитализацијата може да ја унапреди транспарентноста и отчетноста во корпоративната општествена одговорност?
3. Какви одговорности имаат бизнисите кон своите вработени и заедниците?
4. Како младите и граѓанските организации можат локално да влијаат врз практиките на корпоративната општествена одговорност?
5. Кои се најефективните начини за мерење на влијанието на корпоративната општествена одговорност во борбата против корупцијата?

## Белешки за фасилитаторот и совети за приспособување

Фасилитаторите треба да ја нагласат двојната важност на етиката и иновациите во спроведувањето на корпоративната општествена одговорност. Охрабрете ги учесниците да размислуваат за корпоративната општествена одговорност како мост меѓу деловните цели и социјалниот интегритет. Се препорачува да се прикажат реални примери на корпоративната општествена одговорност од локални или меѓународни компании што имаат имплементирано дигитални системи за известување или иницијативи за транспарентност. Обучувачите можат да поканат и гостин-говорник од деловниот или граѓанскиот сектор да го сподели своето практично искуство. При приспособување на активноста, фокусирајте се на партиципативен дизајн и примена на концептите на корпоративната општествена одговорност во реалниот свет.

## Референци и понатамошно читање


- OECD (2023). Насоки за мултинационални претпријатија за одговорно деловно однесување
- OECD (2025). Проценки на компаниите за усогласеност со антикорупциските правила

# ЗАКЛУЧОК

Материјалите за обука  за корупција во бизнисот завршуваат со заедничко разбирање дека ефективната борба против корупцијата во приватниот сектор бара континуирано учење, соработка и силна посветеност на етичките принципи.
Модулите претставени во материјалите обезбедуваат структуриран пат, од разбирање на корените и последиците од корупцијата, до развивање интегритет, промовирање транспарентност и примена на одговорни деловни практики.
Преку комбинација на теорија, рефлексија и интерактивни активности, учесниците се охрабруваат критички да размислуваат за своите улоги како младински работници, претставници на граѓанското општество или вработени во бизнис секторот.
Целта не е само да се подигне свеста, туку и да се зајакне дејствувањето, да се инспирираат конкретни иницијативи што придонесуваат за поправични и потранспарентни општества. Ова нè потсетува дека иновациите и интегритетот можат да одат рака под рака, овозможувајќи нови можности за отчетност и граѓанско учество.
Со интегрирање на етичките вредности и дигиталните решенија, младите луѓе и организациите можат да станат активни двигатели на промени, создавајќи култура на интегритет во Западен Балкан и пошироко.

# АНЕКС 1

## ГРУПНА АКТИВНОСТ: „КОРУПЦИЈАТА Е...“

**Цел:**
Оваа групна активност има за цел да им помогне на учесниците да го истражат и визуелизираат концептот на корупција преку креативно изразување.
Служи како воведна вежба што поттикнува дијалог, критичко размислување и тимска работа.

**Опис:**
Учесниците работат во мали групи и од нив се бара да ја дефинираат корупцијата со користење цртежи, симболи или кратки фрази.
Се охрабруваат да користат метафори или споредби (на пример, „Корупцијата е како...“) за да изразат како ја перципираат корупцијата и нејзиното влијание врз општеството.
По презентирањето на својата работа, групите дискутираат за сличностите и разликите помеѓу нивните размислувања

**Упатства:**

1. Поделете ги учесниците во групи од 4–6 лица.
2. Обезбедете флипчарт-хартии, маркери и лепливи ливчиња.
3. Побарајте од секоја група да ја визуелизира корупцијата со користење креативни елементи.
4. Оставете 15–20 минути за групна работа.
5. Секоја група ја презентира и објаснува својата работа.
6. Фасилитаторот ја сумира вежбата со идентификување клучни теми и нивно поврзување со следниот модул.

### Белешка за фасилитаторот:
Оваа активност најдобро се користи на почетокот на обуката како вежба за запознавање.
Им помага на учесниците да ги изразат своите постојни знаења и ставови за корупцијата во безбедна и креативна средина.
Охрабрете отворена дискусија и избегнувајте осудување на перцепциите на учесниците.

# АНЕКС 2

## ГРУПНА АКТИВНОСТ: „ПОДГОТОВКА НА СЕТ НА АЛАТКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ИЛИ ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА"

**Цел:**
Оваа групна активност им помага на учесниците да развијат практични идеи за „Сет на алатки за пријавување корупција во бизнисот".
Таа поттикнува креативност, тимска работа и примена на знаењето стекнато во текот на обуката за дизајнирање иновативни алатки што промовираат транспарентност и интегритет во приватниот сектор.

**Опис:**
Учесниците работат во мали групи за да осмислат сет на алатки или иницијатива што се справува со ризиците од корупција во бизнисот.Секоја група избира конкретна целна публика, како што се млади, граѓански организации или МСП, и дизајнира практична алатка: дигитална, образовна или заснована на потребите на заедницата — што помага во спречување или пријавување корупција.На крајот, групите ги презентираат своите идеи за сетот на алатки и добиваат повратни информации од другите учесници и фасилитаторите.

**Упатства**:

1. Поделете ги учесниците во групи од 4–6 лица.
2. Побарајте од секоја група да избере една од следните фокус-области:

- Механизми и канали за пријавување корупција во бизнисот
- Алатки за подигнување на свеста и образование што промовираат интегритет
- Дигитални или соработнички решенија за транспарентност

3. Обезбедете флипчарт-хартии, маркери и материјалот „Образец за концепт на сет на алатки".
4. Оставете 30–40 минути за групна работа и подготовка.
5. Секоја група го презентира својот концепт во 5–7 минути.
6. Фасилитаторот води кратка дискусија, ги сумира клучните идеи и ги поврзува со целите на проектот.

### Белешка за фасилитаторот:

Оваа активност најдобро е да се реализира при крајот на програмата за обука.
Им овозможува на учесниците да ги интегрираат лекциите од сите претходни модули и да ги преточат во практични активности или дигитални решенија. Охрабрете иновативно размислување, соработка и рефлексија за тоа како овие сетови на алатки би можеле да се спроведат во нивните локални контексти.

# АНЕКС 3

## ГРУПНА АКТИВНОСТ: „ЕТИЧКА ДИЛЕМА - ИГРАЊЕ УЛОГИ“

**Цел:**
Оваа групна активност е дизајнирана да им помогне на учесниците да го истражат етичкото донесување одлуки во реални деловни ситуации.
Преку кратки вежби со играње улоги, учесниците размислуваат за сложеноста на изборите со кои се соочуваат поединците и организациите кога интегритетот и профитот доаѓаат во судир. Вежбата поттикнува емпатија, активна комуникација и критичко размислување при справување со етички предизвици.

**Опис:**
Учесниците работат во групи и добиваат кратки сценарија што претставуваат морални и етички дилеми поврзани со корупцијата во бизнисот. Секоја група подготвува кратка игра на улоги што покажува како би одговорила на ситуацијата, претставувајќи различни гледишта и можни исходи.Активноста поттикнува отворена дискусија и рефлексија за вредностите, интегритетот и одговорноста во професионални средини.

**Упатства:**
1. Поделете ги учесниците во групи од 4 лица.
2. Доделете на секоја група по едно сценарио (или дозволете им да изберат).
3. Две групи можат да работат на исто сценарио за да претстават спротивставени перспективи.
4. Оставете 10–15 минути за групна подготовка и 5–10 минути за секоја презентација.
5. По секоја презентација, одржете сесија за рефлексија со сите учесници за да се дискутираат одлуките, размислувањето и научените лекции.
6. Фасилитаторот ги сумира клучните увиди и ги поврзува со претходните сесии за интегритет и корпоративна одговорност.

### Белешка за фасилитаторот:
Оваа активност може да се користи во средината или кон крајот на обуката.
Ги охрабрува учесниците да практикуваат етичко расудување и да ги истражуваат реалните предизвици на балансирање меѓу интегритетот и деловните цели.
Фасилитаторите треба да обезбедат отворена и почитувачка средина за дискусија, нагласувајќи дека етичките дилеми често немаат едно „точно“ решение, но внимателната рефлексија води кон раст и свесност.

# Презентација на организациите учеснички и нивните претставници во проектот

| Наслов улога | Организациска | Улога |
| --- | --- | --- |
| **Zoran Dabetic** | ЕРЕКА Црна Гора | Координатор |
| **Biljana Gjozinska** | IARB Република Северна Македонија | Координатор |
| **Nermina Simoncic** | ЕРЕКА Словенија | Координатор |
| **Stefan Simoncic** | ЕРЕКА Словенија | Координатор |
| **Matej Tisaj** | ЕРЕКА Србија | Координатор |
| **Aneta Vasiljevic** | IARB Република Северна Македонија | Асистент на координаторот |
| **Milica Nedeljkovic** | ЕРЕКА Србија | Асистент на координаторот |
| **Belma Muratovic** | ЕРЕКА Црна Гора | Асистент на координаторот |
| **Jerica Lorenci** | ЕРЕКА Словенија | Асистент на координаторот |
| **Atli Thor Fanndal** | TRANSPARENCY INTERNATIONAL Исланд | Асистент на координаторот |

# ПАРТНЕРИ

**ЕПЕКА Црна Гора (водечка организација)**
Научно-истражувачко здружение за уметност, културни, образовни програми и технологија ЕПЕКА (Црна Гора) работи во Беране, рурална област со висока младинска невработеност и ограничен пристап до неформално образование. Во рамки на DigitalVSCorrupt ја координира целокупната реализација, управување и мониторинг и води национални работилници за градење капацитети насочени кон транспарентност поддржана од ИКТ и подигнување на свеста во заедницата во Црна Гора.

**ЕПЕКА Словенија**
Невладино социјално претпријатие активно во областа на европското граѓанство, младинската работа и инклузијата. ЕПЕКА Словенија е ко-домаќин на почетниот партнерски состанок, го поддржува управувањето и ко-развива модули за транспарентност засновани на ИКТ инспирирани од моделот ERAR; исто така е домаќин на завршната конференција и поддржува дисеминација на ниво на ЕУ.

**ЕПЕКА Србија**
НВО од Ниш фокусирана на млади, со силно искуство во мобилност и инклузија (вклучително и ромска и мигрантска младина). Во проектот, ЕПЕКА Србија ко-води обуки, го поддржува младинскиот дијалог Косово–Србија преку заеднички активности со CET Prizren и пилотира локални кампањи за интегритет во јавните услуги.

**ЕПЕКА Германија**
Член на мрежата ЕПЕКА што поддржува интеркултурно учење и комуникација. Придонесува за прекугранична дисеминација, дизајн на работилници за граѓанско ангажирање и медиуми, како и документација на добри практики меѓу партнерите.

**CET Призрен (Косово)**
Центарот за образование и обука Призрен промовира демократски вредности и младинско учество. Во DigitalVSCorrupt ко-дизајнира содржини за обука пријателски за младите, е ко-домаќин на работилници за градење капацитети во Косово и соработува со ЕПЕКА Србија за зајакнување на довербата, дијалогот и антикорупциската писменост кај младите.

**Phiren Amenca (Белгија)**
Меѓународна ромска младинска мрежа со силен капацитет за досег и застапување. Води дисеминација на ниво на ЕУ, поддржува мерки за инклузија во сите активности и менторира младински кампањски тимови за да допрат до разновидна публика со инклузивни наративи.

**Transparency International Исланд**
Донесува глобално антикорупциско знаење, практични алатки за мапирање ризици и пријавување, и ко-автор е на делови од прирачникот за младинска работа за корупција во јавните институции и патеки за отчетност.

**Институт за применети истражувања за бизнис (Северна Македонија)**
Го поддржува модулот „Корупција во бизнисот" со сесии за ризици во јавните набавки, судири на интереси и заложби за интегритет кај МСП. Ко-организира национални работилници со стопански комори и претприемачи.

**QENDRA (Албанија)**
Граѓански центар ориентиран кон млади што ги вклучува заедниците во неформално образование и граѓанско дејствување. Води работилници за градење капацитети во Албанија и придонесува со студии на случај за интегритет на локалните услуги.

**Europe for You (Чешка Република)**
Европска граѓанска организација со искуство во комуникација и младинска мобилизација. Ко-дизајнира кампањска лабораторија, поддржува креативни формати за дисеминација и визуелно раскажување приказни.

**FEIO (Полска)**
Образовна и outreach фондација што придонесува за дизајн на активности засновани на истражување, брзи анкети и алатки за пред/пост евалуација приспособливи за младински средини.

**AKUSTIKUM (Босна и Херцеговина)**
Културна организација што користи креативни медиуми и аудио-визуелни методи. Ко-води три „видео-симулациски" резултати (јавен сектор, бизнис, свиркачи), вклучително и сторибординг и младинско ко-создавање.

**LIDSK (Турција)**
Организација за младински развој фокусирана на граѓански вештини и дијалог. Домаќин е на работилници за градење капацитети во Турција и придонесува со фасилитаторски методи за разновидни групи.

**Arcigay (Италија)**
Национална граѓанска организација со експертиза во образование засновано на права и фасилитирање безбедни простори. Придонесува со стратегии за инклузија, етички протоколи и кампањски пораки за еднаквост и интегритет.

Сите партнери соработуваат преку месечни координациски повици, заеднички обрасци и заеднички мониторинг посети.

EPeKa

https://www.digitalvscorrupt.eu

Co-funded by
the European Union

DIGITAL VS CORRUPT

EPeKa Germany
EPeKa Montenegro
EPeKa Slovenia
EPeKa Serbia
ARCIGAY Associazione LGBTQIA+ Italiana
C:E:T Prizren
Fundacja Europejski Instytut Outsourcingu
Ministarstvo regionalno-investicionog razvoja i saradnje sa nevladinim organizacijam

OPEN DOORS
LIDOSK
association akustikUm
TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption
Phıren Amenca
ARB INSTITUTE
EYCB